Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 5, 25 февруари 2008 година

февруари 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област џез-ударни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот„Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област обоа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област контрабас и бас гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно подрачје филозофија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ**
**ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ОБОА НА**
**ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Штип, на седницата одржана на ден 24 јануари 2008 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: доц. Антонијо Китановски (претседател), проф. Пол Гуди (член) и проф. Марк Мек Евен (член).

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" на ден 20 декември 2007 година за работно место наставник во насловен доцент за наставно-уметничка област обоа се пријави кандидатот Владимир Лазаревски. Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Со решение на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Република Македонија, нам, како членови на Рецензентска комисија, ни беше доделена задача да одбереме наставник во насловно звање за наставно-уметничката област обоа. Заедно со ова решение на Наставно-научниот/уметничкиот совет, ни беа дадени: пријава по конкурсот, диплома за завршен степен на високо образование, дипломи за награди, доказ за познавање на еден странски јазик за кандидатот што се пријави на отворениот конкурс за наставник по обоа.

***Биографски податоци***

**Владимир Лазаревски** е роден на 28 декември 1979 година во Скопје, Република Македонија. По завршување на средното музичко училиште во Скопје, Македонија, Владимир го продолжува своето образование на Државната музичка академија (денес насловена како Национална музичка академија) „Панчо Владигеров" во Софија, Бугарија. Откако во 2002 година се стекна со диплома (baccalaureus) по музика, инструменталист на обоа, во 2003 година тој се здоби со титула магистер по обоа на истата академија во Софија, Бугарија. По едногодишен ангажман како прв обоист на оркестарот на Македонската национална опера, Владимир се здоби со стипендија за студиско усовршување во странство кај професорот Вејн Рејпиер во Лонџи музичката школа во Кембриџ, САД. По едногодишна работа со професорот Рејпиер, Владимир продолжи уште една година со усовршување кај професорот Марк Мек Евен од Бостонскиот симфониски оркестар во Лонџи, каде што во 2006 година заврши постдипломски студии по обоа. Во 2007 година се запиша на магистерски студии по бизнис администрација во Њујорк колеџ – Универзитетот на Курт Бош (Швајцарија), каде што во моментов студира.

Владимир Лазаревски учествува на многу семинари по обоа и камерна музика на различни интернационални летни школи. Тој има работено со еминентни музички професори по обоа и камерна музика, како: Давид Валтер (Франција), Арнандо де Феличе (Италија), Инго Горицки (Германија), Пол Гуди (Британија), Јинг квартет (САД) и други. Исто така, тој учествува и се стекна со диплома за учество од: „Моцартеум"- летна школа

(Австрија), Интернационална летна школа – Дартингтон (Велика Британија), Музичкиот фестивал „Алегро Виво" (Австрија), фестивалот „Софиска музичка недела" и други.

Владимир Лазаревски победува на два државни натпревара во Македонија и освојува награди за изведба на обоа и камерна музика, исто така освојува две интернационални награди (една за изведба на обоа и друга за камерна музика). Тоа се наградите:

- Прва награда за изведба на обоа на Државниот музички натпревар во Битола, 1997;
- Прва награда на Државниот музички натпревар за камерна музика во Скопје, 1998;
- Трета награда на Интернационалниот музички натпревар за камерна музика во Софија, Бугарија, 2001;
- Прва награда на интернационалниот музички натпревар за соло обоа во Австрија, 2002.

Владимир Лазаревски добива многу наградни стипендии за образовно усовршување како резултатат на неговите достигнувања.

Добитник е на годишни стипендии од Министерството за образование на РМ, годишна стипендија од Министерството за култура на РМ, четири грантови - стипендии од Институтот отворено општество од Будимпешта, полна стипендија за постдипломски студии од музичката школа Лонџи во САД и полна стипендија за магистерски студии (МБА) во Њујорк колеџот – Универзитет Курт Бош.

Кандидатот Владимир Лазаревски има (ФЦЕ) диплома/сертификат за познавање на англиски јазик од Кембриџ универзитетот во Англија. Тој студира говорен англиски во САД (2004-2006) и во моментов е студент во магистерска програма која се изведува на англиски јазик. Кандидатот Лазаревски извонредно добро го владее и бугарскиот јазик, што е евидентно од неговата оценка по предметот Бугарски јазик за време на студиите во таа земја.

Кандидатот Владимир Лазаревски работи во оркестрите: прв обоист на Македонската национална опера, прв и втор англиски рог во Македонската филхармонија, прва обоа на Лонџи камерниот оркестар (САД), прв обоист на „Алеа" камерниот оркестар, прва обоа на Враца симфонискиот оркестар (Бугарија), прв обоист на „Пазарџик" симфонискиот оркестар (Бугарија), втор обоист на Новиот симфониски оркестар (Бугарија) и многу други оркестри.

Кандидатот Лазаревски настапи како солист со: Македонската филхармонија, камерниот оркестар на Барикни солисти (Бугарија) и Симфонискиот оркестар на музичката академија во Софија (Бугарија).

Реализирал соло-настап во Пикман хол во Бостон (2006 г.) и на фестивалите: „Скопско лето" во Скопје, Р. Македонија, (2004,2005 г.) и „Алегро Виво" во Австрија (2002-2003 г.), а како член настапува со Камерен оркестар на: „Денови на македонската музика" (2004, 2007 г.), музичкиот фестивал „Земјата и луѓето", Бугарија (2001 г.), „Бит фестивалот" во Битола (2007 г.) и Балканскиот класичен фестивал (2007 г.).

Владимир е член на квартетот „Музик прогресив" од 2007 година.

Од 1 септември 2007 година, Владимир Лазаревски предава обоа во Државното средно музичко училиште „Илија Николовски-Луј" во Скопје.

Од први октомври 2007 година, Владимир Лазаревски е наставник по предметите Обоа и Камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По внимателно разгледување на акредитациите, уметничките и образовните достигања и претходните работни искуства како наставник на кандидатот Владимир Лазаревски, со задоволство ја поддржуваме неговата кандидатура за наставник во насловен доцент за наставно-уметничка област обоа. Кандидатот Лазаревски ќе се докаже како вреден член на академската заедница на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот/уметничкиот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, кандидатот м-р Владимир Лазаревски да го избере на работното место наставник во насловен доцент за наставно-уметничка област обоа.

Би сакале, базирајќи се на природата на неговиот инструмент и неговите специфични достигнувања, да ја искористиме оваа пригода да му препорачаме на Наставно-научниот/уметничкиот совет да го прошири насловното звање и ангажман на м-р Лазаревски како наставник по Камерна музика и Педагогија на дувачките инструменти.

**Рецензентска комисија:**

**доц. Антонијо Китановски, с.р.**

**проф. Пол Гуди, с.р.**

**проф. Марк Мек Евен, с.р.**